**АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**




## Одржана прес-конференција во врска со  електронското аплицирање за субвенции

На ден 20.04.2016 година во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, директорката г-ѓа Билјана Вуковиќ одржа прес-конференција во врска со барањата за субвенции кои прв пат оваа година се поднесуваат по електронски пат од страна на барателите.

Рокот за аплицирање е до 30 јуни, барањата може да се поднесат со пристапување во системот преку веб- страницата на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk, а за полесно користење изработени се и упатства  на македонски и на албански јазик.

На прес- конференцијата директорката истакна дека со ваквиот начин на пријавување, Агенцијата за финансиска поддршка во земјодлеството и руралниот развој се приближи комплетно кон работата на европските платежни агенции. Со ова се намалува метежот во подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство што беше случај во изминатите години каде се поднесуваа барањата истакна директорката г-ѓа Билјана Вуковиќ. Земјоделците кои сакаат да аплицираат за субвенции може да побараат помош и од вработените во подрачните единици на Министерството за земјоделство,

шумарство и водостопанство и Агенцијата за поттикнување на развој на земјоделството.